**Известување за концентрација со која Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград, Република Србија стекнува самостојна контрола над дел од работењето на друштвото Поларис Медиа д.о.о. Ниш, Република Србија**
**(предмет бр. 08-143/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.12.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград со седиште на адреса Булевар Пеко Дапчевиќ 19, Белград-Вождовац, Република Србија ќе самостојна контрола над дел од работењето на друштвото Поларис Медиа д.о.о. Ниш со регистрирано седиште на адреса Булевар светог цара Константина 80-86, Ниш, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград** е во крајна сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

**Целното работење** претставува дел од работењето на **Поларис** кое се состои од одреден број на кориснички договори кои корисниците ги склучиле со Поларис за обезбедување на услуги на дистрибуција на медиумска содржина преку DTH платформа.

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на обезбедување на услуги на дистрибуција на медиумски содржини, имајќи ги во предвид главните деловни активности на Целното работење.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

13.01.2022 година, Скопје